Анализа на јавното мислење бр.03/2023

-

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2022)



Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2023

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2022)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор:** Иван Дамјановски

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien
http://www.idscs.org.mk

# Резиме на резултатите

- Случувањата во 2022 година во однос на македонскиот пристапен процес имаа одредено негативно влијание врз поддршката на јавноста за членство во ЕУ.
- Во 2022 година, 64% од населението позитивно би гласале за членство на Северна Македонија во ЕУ, што е еднакво на резултатите од 2019 година, кога имаше најниски вредности за позитивна поддршка во рамките на временскиот период кој е опфатен со истражувањето.
- Оваа динамика немаше никакво влијание врз евроскептичните ставови на населението бидејќи само 11% од населението е отворено евроскептично.
- Постои значителен јаз меѓу двете најголеми етнички заедници - етничките Македонци и етничките Албанци во земјата во нивото на поддршка за членство во ЕУ.
- 57% од етничките Македонци го поддржуваат членството во ЕУ.
- Значително поголем процент од Албанците (79%) се за членство во ЕУ.
- Испитаниците со високо образование и високи приходи имаат тенденција да даваат поголема поддршка за членството на земјата во ЕУ.
- За повеќе од половина од населението членството во ЕУ е многу важно.
- За приближно една четвртина од населението, членството во ЕУ не е важно прашање во нивниот живот.
- Членството во ЕУ е многу важно за 75% од етничките Албанци, што е за 30% повеќе отколку во случајот со етничките Македонци.
- Етничките Македонци генерално се попесимисти и покритични кон процесот на пристапување во споредба со етничките Албанци.
- Речиси половина од населението смета дека земјата не е подготвена за членство во ЕУ.

- На општото население му недостига сеопфатно познавање на механизмите на политиката на условеност на ЕУ па поради немањето информации тоа не е во можност да направи реална и доследна евалуација на успешноста на пристапниот процес.
- Постои мал степен на незадоволство во однос на тоа колку земјата напредувала во пристапниот процес во изминатата година.
- Третина од населението го дели мислењето дека воопшто нема напредок во процесот на пристапување.
- Речиси половина од населението ги посочува опструкциите од соседните земји-членки на ЕУ како главна бариера за членство во ЕУ.
- Сè поголем број на испитаници (повеќе од една третина во 2022 година) се убедени дека периодот од 10 до 20 години е остварлива временска рамка за членство.
- Една третина од населението смета дека Северна Македонија никогаш нема да стане членка на ЕУ.
- Речиси една третина од населението има мошне нереални очекувања за членство во ЕУ во следните три до пет години.
- Постои јасен недостаток на информации и свест кај значителен дел од населението во однос на нормативните и оперативните аспекти на политиката за проширување на ЕУ, динамиката на процесот на пристапување и должината на пристапните преговори.
- Рационалистичко-утилитарните фактори и понатаму се главните детерминанти за поддршката на членство во ЕУ.
- Мнозинството од испитаниците кои го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ ја засноваат ваквата преференца во исчекување на идни материјалистички придобивки поврзани со процесот на европска интеграција.
- Најчеста причина за поддршка на членството во ЕУ е очекувањето дека тоа ќе го подобри животниот стандард во земјата во иднина.
- Значителен дел од населението континуирано ја заснова својата поддршка за членство во ЕУ на нематеријалистички очекувања.

- Мнозинството од населението смета дека најголемите позитивни ефекти од процесот на интеграција во ЕУ ќе бидат во економскиот домен.
- Факторите кои се засновани на идентитет и вредности се клучните детерминанти на противењето на членството во ЕУ.
- Забележителен е порастот кај населението кое декларира ексклузивен идентитет.
- 80% од симпатизерите на СДСМ го поддржуваат членството во ЕУ.
- Забележителен е пад на поддршката за членство во ЕУ кај симпатизерите на СДСМ.
- Членството во ЕУ е поддржано од мнозинството симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ
- 66% од гласачите на СДСМ сметаат дека земјата напредувала во евроинтеграцискиот процес во 2022 година. Речиси еднаков процент (62%) од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека земјата воопшто не напредувала или дека назадувала во изминатата година.
- Мнозинството гласачи на СДСМ го делат мислењето дека земјата е подготвена за членство во ЕУ, а во спротивното се убедени повеќе од 60 проценти од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ.

# Вовед

Поддршката за членство на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“- Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година започнаа со воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспостават детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационалистичко-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Северна Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграцискиот процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014) [1]“, објавена во 2014 година, која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 година, а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија  и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на европска интеграција.  Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

1 Дамјановски, Иван. “Јавното мислење и пристапувањето на Македонија кон Европската унија (2004-2014)”, Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, 2014

2 За поопсежно теоретско објаснување на моделот, види: ibid, стр. 13-24

# За истражувањето

–

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2022 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 и 2021 година. Таа го користи истиот теоретско-аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на месец ноември, 2022 година на примерок од 1005 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, покрива испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во минатите години. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Северна Македонија кон Европската Унија во последните девет години. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Северна Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2021 год.

# Општи трендови

Нискиот кредибилитет на перспективата за пристапување на Северна Македонија во ЕУ во изминатава деценија беше клучниот фактор за континуираниот пад на јавната поддршка во земјата за членство во ЕУ. Овие трендови беа иницирани од долготрајната грчка блокада на пристапниот процес поради спорот за името меѓу двете земји. И покрај тоа што укинувањето на оваа блокада што се случи како резултат на ратификацијата на договорот од Преспа во 2019 година требаше да даде нов поттик на процесот на пристапување, ваквиот ентузијазам беше краткотраен. Очекуваниот почеток на пристапните преговори меѓу Северна Македонија и ЕУ првично беше блокиран во 2020 година поради француските барања за посеопфатна реформа на политиката за проширување на ЕУ, кои на крајот беа исполнети со усвојување на „Новата методологија" за проширување на ЕУ од страна на Европскиот совет во март 2020 година. Сепак, тоа не го откочи напредокот на Северна Македонија во процесот на пристапување, бидејќи кон крајот на 2020 година, почетокот на пристапните преговори беше уште еднаш блокиран, сега како последица на бугарското вето за усвојување на преговарачката рамка на ЕУ со Северна Македонија поради нов билатерален спор заснован на прашања за националниот идентитет, историја и јазик. Случувањата во 2021 година имаа амбивалентно влијание врз македонскиот пристапен процес. Излезот од ќор-сокакот беше претставен во јуни 2022 година од страна на француското претседателство со Советот на ЕУ и тоа во контроверзниот документ наречен француски предлог. Документот предвидуваше укинување на бугарската блокада условено со неколку отстапки во однос на бугарските барања, во прв ред вклучување на бугарско малцинство во македонскиот Устав и донесување законодавство за говор на омраза поврзано со третманот на споменатата малцинска група. Во месец јули, македонската влада одлучи да го одобри францускиот предлог и покрај низата масовни народни собири во Скопје против предлогот и жестокото неодобрување од страна на опозициските политички партии и критиките од граѓанските организации и дел од експертската јавност. Овие случувања привремено го вратија пристапниот процес на соодветниот пат, бидејќи усвојувањето на

француското предлог овозможи почеток на пристапните преговори со започнување на скрининг-процесот. Сепак, напредокот во пристапните преговори на краток рок сега е условен со измени на Уставот во однос на признавањето на бугарското малцинство, кое во моментот на пишување на оваа анализа нема поддршка од опозициските партии чии гласови се неопходни за да се исполни прагот за уставни измени.

Имајќи ја предвид прилично двосмислената природа на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ во 2022 година, интересно е да се види како тоа се рефлектира врз јавната поддршка за членство во ЕУ. Општо земено, случувањата во 2022 година имаа умерен негативен ефект врз јавната поддршка за членство во ЕУ. Во 2022 година, 64% од населението би гласале позитивно за членство на Северна Македонија во ЕУ на хипотетички референдум (графикон 1). Тоа е за 4 проценти помалку од 2021 година и речиси е еднакво на резултатите од 2019 година, која има најниски вредности на позитивна поддршка во лонгитудиналната база на податоци. Ваквиот пад најверојатно е последица на ефектот на поларизација  на македонското општество во врска со компромисот што ги отклучи пристапните преговори, но и неизвесноста на краткорочните исходи од овој процес. Сепак, оваа динамика немаше никакво влијание врз евроскептичните ставови на населението. Во 2022 година, само 11% од населението е отворено евроскептично, што претставува значителен пад во споредба со периодот 2018-2019 година кога процентот на евроскептични гласови достигна вредност од 20. Спротивно на тоа, фреквенциите во однос на оваа варијабла се речиси идентични со резултатите од претходната година, а истото се однесува и на процентот на населението кое е неопределено (14%) или кое не би гласало (11%). Резултатите од изминативе две години јасно укажуваат на тоа дека опаѓачката евроскептична енергија во земјата не се претвора во поголема поддршка за членство во ЕУ, туку преминува во сè поголем број на неопределени, дури и апатични испитаници, кои сега сочинуваат четвртина од населението.

Една друга важна димензија на јавната поддршка за членство во ЕУ во македонско-то општество е расчленувањето на ставовите кај двете најголеми етнички заедници во земјата - Македонците и Албанците. Постои значителен јаз меѓу двете заедници во нивоата на поддршка за членство во ЕУ, кој беше прилично конзистентен во изминативе неколку години. Така, 57% од етничките Македонци го поддржуваат членството во ЕУ, 6% помалку отколку во 2021 година. Од друга страна, значително поголем процент од Албанците (79%) се за членство, 3% помалку отколку во 2021 година. Во двете групи е забележителен пораст на бројот на неопределени испитаници во споредба со резултати-те од изминативе неколку години. Од друга страна, постои конзистентност во однос на образованието и приходите како позитивни предиктори за поддршка на интеграцијата во ЕУ. Оттука, испитаниците со високо образование и поголеми приходи имаат тенденција да даваат поголема поддршка за членство на државата во ЕУ.

**Графикон 1[3].** **Ако следната недела би се одржал референдун за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие?**




3 Бидејќи децималните броеви се заокружени, вкупниот збир можно е да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува на сите графикони и табели).

Резултатите од истражувањето од 2022 година се многу конзистентни со распределбата на фреквенциите во претходната година, исто така, и во однос на тоа колку пристапувањето во ЕУ му е лично важно на испитаникот (табела 1). За повеќе од половина од населението членството во ЕУ е многу важно, што како вредност е значително повисоко во споредба со периодот 2019-2020 година. Дополнителни 20% придаваат одредена важност на членството во ЕУ. За приближно една четвртина од населението, членството во ЕУ не е важно прашање во нивниот живот. Како и кај претходното прашање, меѓуетничката неусогласеност е присутна и кај оваа варијабла, бидејќи за 75% од Албанците членството во ЕУ е многу важно, што е за 30% повеќе отколку во случајот со етничките Македонци. Спротивно на тоа, релативно висок број на етнички Македонци (20%) не придаваат било каква важност на тоа Северна Македонија да стане членка на ЕУ.

**Табела 1.**

| **Колку за вас е лично важно Северна Македонија да стане членка на ЕУ?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 | 36 | 36 | 51 | 54 |
| Донекаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 | 35 | 34 | 26 | 21 |
| Донекаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 | 10 | 13 | 5 | 7 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 | 18 | 16 | 16 | 16 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Нема одговор/ одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

За разлика од двата претходни случаи, постои значителна лонгитудинална дивергенција во ставовите на испитаниците  во однос на оценката на тоа дали земјата е доволно подготвена да стане членка на ЕУ. Во 2022 година се забележува еден пореален став за нивото на подготвеност на земјата за влез во ЕУ, бидејќи 42% од населението смета дека Северна Македонија е подготвена за членство (графикон 2). Оваа вредност претставува намалување од 15% во однос на 2021 година. Спротивно на тоа, процентот на населението што смета дека земјата не е подготвена за членство во ЕУ е експоненцијално зголемен за 14%, што значи дека за прв пат во временската рамка на нашата лонгитудинална анализа приближно половина од населението е убедено дека земјата не е подготвена за членство. Меѓуетничкиот јаз е евидентен и во овој случај. Додека 55 проценти од етничките Албанци го делат мислењето дека земјата е подготвена за членство во ЕУ, речиси 60 проценти од етничките Македонци се убедени во спротивното. Прилично неконзистентната лонгитудинална распределба на фреквенциите во однос на ова прашање ја зацврстува претпоставката дека населението нема сеопфатно познавање на механизмите на политиката на условеност на ЕУ па поради немањето информации тоа не е во можност да направи реална и доследна евалуација на успешноста на пристапниот процес.

**Графикон 2[4].	Дали сметате дека Северна Македонија е подготвена за членство во ЕУ?**




4	Графиконот не ги вклучува вредностите за оние испитаници кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи, овие вредности се еднакви или помали од 1%

Резултатите од истражувањето упатуваат на постоење на одредено незадоволство од тоа колку земјата напредувала во пристапниот процес во изминатава година. Општо земено, мнозинството од населението констатира одреден напредок во процесот на интеграција во ЕУ во изминатава година (табела 2). Додека само 10% сметаат дека земјата има остварено значителен напредок, 23% од испитаниците се на став дека земјата донекаде напредувала, заедно со дополнителните 20% испитаници кои забележале ограничен напредок. Сепак, една третина од населението го дели мислењето дека воопшто нема напредок а бројот на испитаници кои сметаат дека земјата назадувала во процесот на пристапување се зголемил од 4% во 2021 година на 13% во 2022 година. Песимистичкиот став кај етничките Македонци што беше забележан во претходните категории е евидентен и во овој случај. Така, половина од испитаниците кои се етнички Македонци сметаат дека земјата или нема напредок (34%) или назадувала во процесот на интеграција во ЕУ (16%). Спротивно на тоа, етничката албанска заедница се чини дека е многу поголем оптимист, бидејќи 70% од ова население забележало напредок во процесот на пристапување во изминатата година.

**Табела 2.**

| **Во однос на изминатата година, колку сметате дека Северна Македонија напреднала во процесот на европска интеграција?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 | 11 | 10 | 11 | 10 |
| Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 | 27 | 38 | 27 | 23 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 | 23 | 27 | 21 | 20 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 | 33 | 20 | 33 | 30 |
| Се случило назадување | 5 | 7 | 2 | 2 | 5 | 5 | 4 | 13 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 |
| Нема одговор/ одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |

Во согласност со очекувањата, речиси половина од населението ги посочува опструкциите од соседните земји како главна бариера за членство во ЕУ (графикон 3). Имајќи го предвид ќор-сокакот во пристапните преговори кој преовладуваше во првата половина на 2022 година и контроверзноста околу условите наметнати од „францускиот предлог", овие резултати се логични и конзистентни со претходните трендови кај оваа варијабла. Од друга страна, третина од населението смета дека главниот виновник за неуспехот треба да се бара дома и во неспособноста на државата да обезбеди задоволително досие за исполнување на условеноста на ЕУ. Од друга страна, од 2019 година, бројот на испитаници кои го обвинуваат противењето кон проширувањето кое постои во ЕУ како главна пречка за членство постојано се намалува. Во 2022 година, само 14% од испитаниците сметаат дека Северна Македонија не е членка на ЕУ поради неподготвеноста на ЕУ да ја прифати земјата како членка. Од демографска гледна точка, распределбата на фреквенциите е доследна со општите резултати во сите категории.

**Графикон 3[5].** **Според вас, која е главната причина зошто Северна Македонија сè уште не е членка на ЕУ?**




5 Графиконот ги исклучува вредностите за испитаниците кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи овие вредности се еднакви или помали од 2%

Конечно, може да се забележи пореален тренд во однос на перцепциите за тоа кога може да се очекува Северна Македонија да стане членка на ЕУ (табела 3). За разлика од прилично оптимистичката перспектива во 2020 година, сè поголем број на испитаници (повеќе од една третина во 2022 година) веруваат дека период од 10 до 20 години е остварлива временска рамка за членство. Во исто време се констатира и забележителен пораст на песимистичките перцепции при што за прв пат во лонгитудиналниот опсег на истражувањето, процентот на испитаници кои сметаат дека Северна Македонија никогаш нема да стане членка на ЕУ го достигна прагот од 30%. Од друга страна, иако во помал број од претходните години, речиси една третина од населението дели прилично нереални очекувања за членство во ЕУ во следните три до пет години. Лонгитудиналните резултати јасно покажуваат немање доволно информации и свест кај значителен дел од населението во однос на нормативите и оперативните аспекти на политиката на проширување на ЕУ, динамиката на процесот на пристапување и времетраењето на пристапните преговори.

**Табела 3.**

| **Кога сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во следните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 | 14 | 20 | 18 | 11 |
| Во следните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 | 20 | 28 | 16 | 16 |
| Во следните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 | 21 | 25 | 18 | 21 |
| Во следните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 | 16 | 9 | 11 | 15 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 | 24 | 15 | 29 | 32 |
| Не знам/ одбива да одговори | 11 | 10 | 11 | 5 | 4 | 3 | 8 | 6 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко-утилитарни фактори

Претходните истражувања на јавното мислење во однос на детерминантите за поддршката на европската интеграција во Северна Македонија утврдија цврста корелација помеѓу рационалистичко-утилитарните фактори и позитивните ставови кон членството во ЕУ. Накратко, поддржувачите на кандидатурата на земјата за членство во ЕУ го формираат своето мислење на оваа тема врз основа на нивните очекувања за материјалистички придобивки како резултат на успешниот процес на пристапување и последователните финансиски придобивки од членството. Подеталната анализа на податоците дополнително укажува дека овие изјави за поддршка се повеќе од социотропна, а не од егоистичка природа. Ова значи дека населението кое ги поддржува аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ е вклучено во процесот затоа што испитаниците предвидуваат идни материјалистички придобивки од кои ќе има корист целото македонско општество, а не тие лично.

Валидноста на овој аргумент уште еднаш е докажана со резултатите од истражувањето од 2022 година. Како што може да се види во табелата 4, распределбата на материјалистичките фактори како предиктори за поддршка за членството во ЕУ беше многу конзистентна во изминативе четири години. Кога ќе се направи нивна комбинација, рационалистичко-утилитарните фактори кои се засноваат на очекувања од идните материјалистички придобивки од процесот на европска интеграција, стануваат основна причина за тоа мнозинството од населението да го поддржува членството во ЕУ. Така, најчеста причина (23%) за одлуката за поддршка на членството во ЕУ е очекувањето дека тоа ќе го подобри животниот стандард во земјата во иднина. Осумнаесет проценти од испитаниците својата одлука да го поддржат процесот на интеграција во ЕУ ја засноваат на претпоставката дека тоа ќе доведе до намалување на невработеноста, додека дополнителни 15% гледаат економски можности за

емигрирање и барање работа во странство. Од друга страна, значителен дел од населението континуирано ја базира својата поддршка за членство во ЕУ на нематеријалистички очекувања. Така, 20 проценти од испитаниците кои ја поддржуваат целта на Северна Македонија да стане членка на ЕУ ги посочуваат очекувањата за поголема сигурност и стабилност во земјата како главна причина за нивната поддршка. Помал дел од испитаниците сметаат дека процесот на интеграција во ЕУ ќе ја подобри состојбата на демократијата во земјата.

**Табела 4.**

| **Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 | 22 | 21 | 23 | 23 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 | 18 | 19 | 16 | 18 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 | 13 | 13 | 14 | 12 |
| Мобилност на работници/ полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 | 15 | 16 | 14 | 15 |
| Чувство на припадност кон „европското семејство на држави“ | 2 | 5 | 2 | 4 | 13 | 13 | 12 | 11 |
| Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 | 23 | 19 | 19 | 20 | 20 |
| Не знам/нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |

На сличен начин, мнозинството од населението смета дека најголемите позитивни ефекти од процесот на интеграција во ЕУ ќе се случат во економскиот домен (табела 5). Економскиот развој (21%), квалитетот на животот (18%), намалувањето на невработеноста (17%) и подобрувањето на инфраструктурата (9%) се клучните економски варијабли на кои се очекува позитивно да влијае идното членство во ЕУ. Од друга страна, се зголемува процентот на испитаници (17%) кои се во полза на зголемена стабилност како најважна придобивка од процесот на европска интеграција.

**Табела 5.**

| **На која област најмногу ќе влијае членството на Северна Македонија во ЕУ?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 | 18 | 19 | 19 | 21 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 | 14 | 12 | 13 | 17 |
| Намалување на невработеноста | 23 | 18 | 21 | 19 | 20 | 21 | 15 | 17 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 | 12 | 11 | 12 | 12 |
| Подобрување на инфраструктурата | 6 | 5 | 5 | 9 | 11 | 13 | 11 | 9 |
| Квалитетот на животот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 | 17 | 16 | 15 | 18 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 | 3 | 5 | 9 | 6 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 0 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 1 | 2 | 0 |

# Идентитетски и вредносни фактори

Иако материјалистичките фактори се утврдени како примарни детерминанти на поддршката за членство на Северна Македонија во ЕУ, сведоци сме исто така и на процес на консолидација на типот на фактори кои имаат примарно влијание на формирањето на евроскептичните ставови кај македонската јавност. Во таа смисла, идентитетските и вредносните фактори како што се перцепциите за културолошките закани кои произлегуваат од наднационалниот карактер на процесот на европска интеграција или стравот од губење на суверенитетот како евентуален исход од процесот на пристапување постепено се наметнуваат како клучни детерминанти на противењето за членство во ЕУ. Анализата на резултатите од истражувањето од 2022 година ја зацврстува оваа претпоставка. Само 22% од евроскептичните испитаници своето противење кон процесот на пристапување во ЕУ го засноваат на перцепцијата за третманот на македонската економија или стравувањата од влошување на животниот стандард што би се случило поради членството во ЕУ. Од друга страна, стравот од губење на националниот идентитет (17%), протестот поради промената на уставното име на државата што се случи како последица на Преспанскиот договор (16%), перцепциите за отфрленост од страна на ЕУ (16%) и стравот од губење на суверенитетот се почесто присутни предиктори на евроскептичните ставови во базата на податоци.

**Табела 6.**

| **Која е причината за вашиот глас против членството во ЕУ?** | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|
| Влошување на животниот стандард | 12 | 9 | 13 | 11 |
| Загрозување за македонската економија | 7 | 9 | 13 | 11 |
| Промена на уставното име на државата | 21 | 20 | 16 | 16 |
| Губење на националниот идентитет | 17 | 23 | 14 | 17 |
| Ќе станеме премногу зависни од Брисел | 10 | 9 | 12 | 11 |
| Губење на суверенитетот и независноста на државата | 17 | 19 | 11 | 15 |
| ЕУ не нè сака | 16 | 11 | 20 | 16 |
| Не знам/ нема одговор | 0 | 0 | 0 | 2 |

Од друга страна, неодамнешните контроверзи поврзани со пристапниот процес на Северна Македонија и воведувањето на друг сет на услови кои се засновани на прашања на националниот идентитет, би можеле да имаат одредено влијание врз самоперцепцијата кај македонското население во однос на нивниот идентитет. Како што може да се види во табелата 7, има значителни поместувања во распределбата на ставовите во 2022 година, во споредба со 2021 година. Се забележува забележителен пораст кај населението кое декларира ексклузивен идентитет. Така, 77% од испитаниците (17% повеќе од претходната година) се идентификуваат само како припадници на една етничка група, односно исклучиво како Македонци, Албанци или како припадник на друга етничка група. Спротивно на тоа, процентот на граѓани кои изјавуваат двоен идентитет, односно етнички и европски се намалил од 25% во 2021 година на 13% во 2022 година. Бројот на испитаници кои го ставаат својот европски идентитет на прво место или имаат самоперцепција за ексклузивен европски идентитет останува незначителен (по 3% кај секоја категорија). Сепак, општата дистрибуција на ставовите не е еднаква кај сите демографски категории. Следствено на тоа, додека огромното мнозинство етнички Македонци (88%) се декларираат низ објективот на еден етнички идентитет, истото чувство го делат и 52% од Албанците. Дополнителни 26% од оваа група се перципираат себеси и како Албанци и како Европејци.

**Табела 7.**

| **Пред сè, дали се чувствувате како** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друг | 69 | 70 | 77 | 69 | 67 | 78 | 60 | 77 |
| Македонец/ Албанец/ друг и Европеец | 20 | 20 | 15 | 20 | 24 | 14 | 25 | 13 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друг | 6 | 7 | 3 | 4 | 7 | 7 | 10 | 3 |
| Само Европеец | 3 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 |

Конечно, лонгитудиналните податоци од нашата анкета покажуваат дека ексклузивниот етно-национален идентитет не ги зголемува значително евроскептичните перцепции кај таа група. Така, како и во претходните години, распределбата на ставовите меѓу оваа група е многу слична со општата распределба која е прикажана на графиконот 1. Меѓутоа, за разлика од претходната година, испитаниците кои декларираат двоен идентитет, етнички и европски, уште повеќе го поддржуваат членството во ЕУ.

# Сугестии од политичките партии

На крајот, го мериме влијанието на сугестиите кои доаѓаат од политичките партии, како фактори за формирање став во однос на процесот на европска интеграција во Северна Македонија. Улогата на партиските сугестии како предиктори на јавното мислење се заснова на претпоставката дека, поради дефицитот од информации во врска со сложените политички процеси како што е процесот на европска интеграција, симпатизерите на политичките партии добиваат индиции од нивните соодветни партиски раководства кога формираат мислења за прашања поврзани со тие процеси. Нашите лонгитудинални анализи на корелацијата меѓу мислењата на партиските симпатизери и официјалните ставови на соодветните партии генерално ја потврдуваат хипотезата за сугестии од политичките партии.

Во текот на целиот временски период што е опфатен во оваа анализа, практично сите релевантни политички партии во Северна Македонија официјално ги поддржуваат аспирациите на земјата за европска интеграција и членство во ЕУ. Сепак, и покрај општиот партиски консензус, имаше значителни разлики меѓу главните политички партии во однос на повеќе случувања поврзани со процесот на пристапување и за некои аспекти на политичката условеност од ЕУ во тој процес. Од една страна, најголемата политичка партија во владејачката коалиција, СДСМ, континуирано ги става евроинтеграциите како највисок приоритет на својата политичка агенда. Во оваа смисла, напредокот во пристапниот процес и почетокот на пристапните преговори беа движечката сила зад одлуката на Владата да го прифати „францускиот предлог“ и да се обиде да издејствува исполнување на условите поставени со предлогот и покрај широките критики од опозициските партии и некои граѓански организации. Од друга страна, најголемата опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ, беше многу критична кон отстапките што ги направи Владата во однос на бугарските барања и условите поставени во „францускиот предлог“. За таа цел, официјалниот став на партијата е дека нема да

ги поддржи уставните измени за вклучување на бугарското малцинство во Уставот како клучно барање на ЕУ за натамошен напредок во пристапните преговори се додека не се добијат цврсти гаранции дека нема да има дополнителни барања и обструкции на пристапниот процес од бугарска страна.

Врз основа на овие случувања, може да се претпостави дека, со прифаќањето на сугестиите кои доаѓаат од раководството на нивната партија, испитаниците кои се симпатизери на СДСМ повеќе би го поддржале пристапниот процес во споредба со поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ. Оваа претпоставка е генерално потврдена, бидејќи симпатизерите на СДМС се повеќе за членство во ЕУ во споредба со гласачите на ВМРО-ДПМНЕ (графикон 7). Меѓутоа, во споредба со претходната година, има забележителен пад на поддршката за членство во ЕУ кај симпатизерите на СДСМ. Иако сè уште е многу висок и изнесува 80%, бројот на поддржувачи на СДСМ кои го поддржуваат членството во ЕУ е намален за 10%, најверојатно како последица на поларизирачките ефекти од случувањата во пристапниот процес во 2022 година. Дистрибуцијата на ставовите меѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ е многу поконзистентна со резултатите од претходната година. Мало мнозинство во оваа група ја поддржува ориентацијата на Северна Македонија кон членство во ЕУ. Трендовите меѓу евроскептичните испитаници се чини дека се на стабилизирачка патека бидејќи бројките во изминативе две години се со надолна тенденција (од 22% во 2021 година на 19% во 2022 година).

**Графикон 4[6].** **Доколку следната недела се оддржи референдум за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие?**




6 Во анализата се земени предвид само податоците за двете најголеми партии во земјава: ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Податоците за другите партии не се опфатени поради малата големина на примерокот. Вредностите кои се однесуваат на одговорите Не знам и Нема да гласам не се опфатени во графиконот.

Спротивставени трендови во мислењата за карактеристиките на пристапниот процес меѓу поддржувачите на двете доминантни партии во Северна Македонија се забележуваат и во ставовите кои се однесуваат на дистрибуцијата на другите варијабли опфатени во истражувањето. Слично како и претходната година, постои значителна дивергенција во оценката за напредокот кој е постигнат во процесот на пристапување изминатата година. Додека 66% од гласачите на СДСМ сметаат дека земјата напредувала во евроинтеграцискиот процес во 2022 година, речиси еднаков процент (62%) од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека земјата воопшто не напредувала или дека назадувала во изминатава година. Слична варијација во резултатите може да се забележи и во оценката за подготвеноста на Северна Македонија за членство во ЕУ. Додека мнозинството од гласачите на СДСМ го делат мислењето дека земјата е подготвена за членство во ЕУ, повеќе од 60 отсто од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ се убедени во спротивното.

## Информации за КАС

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

## Информации за ИДСЦС

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

**Иван Дамјановски** е професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите _истражувачки интереси се фокусираат на демократизација, европеизација на земјите кандидати за членство во ЕУ, проширувањето на ЕУ, теоријата за европска интеграција, и етнички идентитети.

IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG